РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА/ REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОСНОВЕН СУД ДЕБАР / GJYKATA THEMELORE DIBËR

ул. "Велко Влаховиќ" бб, 1250 Дебар | тел.046/831-600 | e-mail: contact@osdebar.mk
rr. "Velko Vllahoviq" pn, 1250 Dibër | tel.046/831-600 | e-mail: contact@osdebar.mk

СУ бр. 01-4/23
26.01.2023 год.viti
Д Е Б А Р / D I B Ë R

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РАБОТА НА ОСНОВЕН СУД ДЕБАР ЗА 2022 ГОДИНА



Дебар, Јануари 2023

**С О Д Ж И Н А**

**Вовед.........................................................................................................стр.1**

**1.ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА СО ПРЕДМЕТИ…...............................................стр.2**

**1.1.Податоци за работа со предмети на ниво на суд.................................стр.2**

**1.2.Податоци за работа со предмети на ниво на оддел.............................стр.8**

**А)Податоци за работа со предмети на ниво Кривичен оддел...................стр.8**

**Б) Податоци за работа со предмети на ниво Граѓански оддел................стр.10**

**1.3.Предметно работење на Претседателот на судот и судиите.............стр.13**

**2.ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ...........................................................................стр.16**

**3.СУДСКА ПРАКСА...............................................................................стр.17**

**4.ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА......................................................................стр.17**

**5.ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА.........................................................стр.18**

**6.ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА НА СУДОТ........................стр.19**

**7.ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ЈАВНИ НАБАВКИ....................................стр.19**

**8.ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА СУДОТ......................................................стр.20**

## ВОВЕД

Основен суд Дебар, согласно член 32 од Законот за судови (Службен весник на РМ бр. 58/06 од 11.05.2006 година) е Суд со основна надлежност за подрачјето на општините Дебар и Центар Жупа.

Имајќи ја во предвид надлежноста, работата во судот е организирана во два оддели како организациони единици и тоа: Кривичен оддел и Граѓански оддел

Тргнувајќи од работите и задачите од својата надлежност што произлегува од Законот за судовите, Судот со ангажирање на сите вработени работеше на целосна реализација на Програмата за работа на судот за 2022 година.

Основен суд Дебар извештајната 2022 година ја започна со остаток 492 предмети а ја заврши со остаток од 410 предмети (по сите основи) и го намали заостатокот во однос на минатата година за 82 предмети, а со тоа оствари резултати како ажурен суд.

Согласно Образец за годишен извештај на судовите, во овој извештај се прикажани податоците за: предметно работење на судот, човечки ресурси, судската пракса, односи со јавноста, информатичка технологија, опременост и одржување на судската зграда , планирани и извршени јавни набавки и финансиско работење на Судот.

# 1.ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА СО ПРЕДМЕТИ

## 1.1.Податоци за работа со предмети на ниво на суд

### 1.1.1 Остаток на нерешени предмети од претходната година

Судот, на почетокот на 2022 година по сите основи имал **492** предмети од кои 471 редовни и 21 повторно заведени предмети..

### 1.1.2.Прилив на предмети на ниво на суд

Во текот на 2022 година, по сите основи примени се **10848** предмети од кои 10788 новопримени и 60 повторно заведени предмети).

### 1.1.3.Вкупно предмети во работа на ниво на суд

Во 2022 година Судот по сите основи вкупно во работа имал **11335** од кои 11254 редовни предмети и 81 повторно заведени предмети.

### 1.1.4.Решени предмети на ниво на суд

Во извештајната 2022 година по сите основи Судот решил 10952 предмети од 10872 редовни и 53 повторно во работа предмети.

### 1.1.5.Остаток на нерешени предмети на крајот на годината на ниво на суд

На крајот на извештајната 2022 година, на ниво на Суд по сите основи останале нерешени 410 предмети од кои 382 редовни и 28 повторно заведени предмети.

Во текот на извештајната година погрешно се заведени 4 предмети - разни кривични предмети.

**Табела 1. Предметно работење по сите основи на ниво на суд, во 2022 г.**

| **Нерешени предмети на почетокот на годината** | **Новопримени предмети** | **Предмети повторно во работа** | **Погрешно заведени предмети** | **Вкупно предмети во работа** | **Ршени предмети** | **Остаток на предмети** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **492** | **10788** | **60** | **5** | **11335** | **10925** | **410** |

Според бројот на примени и решени предмети, Судот во извештајната 2022 година го совлада приливот на предмети и го намали заостатокот во однос на претходната година за 82 предмети, а со тоа оствари резултати на ажурен суд.

Според статистичките податоци на движење на предметите на ниво на Суд во извештајната година во споредба со претходната година се констатира намалување на приливот за 358 предмети. Во извештајната година во споредба со претходната година се констатира дека има зголемување на предметите во уписниците Кривчен совет вон

расправа – КС, Приговор за неправилности при извршувањето - ППНИ, работни спорови - РО, разни кривични предмети - РКП и заверки - Зав и  тоа во уписникот "КС" за 10 предмети, во уписникот "ППНИ" за 10 предмети, во уписникот „РО" за 13 предмети, во уписникот "РКП" за 201 предмет и во уписникот "ЗАВ" за 119 предмети.

**- Времетраењето на постапката**

Од вкупно решените 10242 предмети во која бројка не се опфатени бројот на решени предмети судска управа и оставина во работа на повереник, времетраењето на постапката е следната:

**-До 1 месец решени се 9856 предмети или 96,33%**

**-Од 1-3 месеци решени се 295 предмети или 2,88 %**

**-Од 3-6 месеци решени се 36 предмети или 0,35% , и**

**-Над 6 месеци решени се 55 предмети или  0,53 %**

**Табела 2. Движењето на предметите на ниво на суд, во 2022 година по уписник**

| **КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на предмет** | **Извршување (санкции) кривично** | | | | |
| **Подвид предмети** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмети** | **Вкупно во работа предмети** | **Решени предмети** | **Остаток** |
| Повикување на лица на издржување казна затвор - КУИКП | 20 | 36 | 56 | 39 | 17 |
| Извршување на кривични парични казни, трошоци и паушал - ИКП | 0 | 26 | 26 | 26 | 0 |
| Извршување на прекршочни глоби,трошоци и паушал - ИПРК | 0 | 105 | 105 | 105 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Извршување на кривични и прекршочни санкции и алтернативни мерки-ИСАМ | 0 | 3 | 3 | 3 | 0 |
| **Вкупно вид предмети** | **20** | **170** | **190** | **173** | **17** |
| **Вид на предмет** | **Кривични полнолетни** | | | | |
| **Подвид предмет** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмет и** | **Вкупно во работа предмети** | **Решени предмети** | **Остаток** |
| Предмети за кривично полнолетни - К | 7 | 92 | 99 | 92 | 7 |
| Разни кривични предмети - РКП | 0 | 3306 | 3306 | 3306 | 0 |
| Кривични предмети претходна постапка полнолетни – К - ПП | 0 | 33 | 33 | 33 | 0 |
| Кривичен совет - вон расправа - КС | 7 | 83 | 90 | 90 | 0 |
| Замолници кривична област - ЗАМ К | 0 | 10 | 10 | 10 | 0 |
| **Вкупно вид предмети** | **14** | **3524** | **3538** | **3531** | **7** |
| **Вид предмети** | **Прекршочни** | | | | |
| **Вкупно вид прдемети-прекршочни-ПРК (ПРК-Ј,ПРК-С,ПРК-О)** | **0** | **484** | **484** | **484** | **0** |
| **ВКУПНО КРИВИЧЕН ОДЕЛ** | **34** | **4183** | **4217** | **4193** | **24** |
| | | | | | |

| ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вид предмети** | **Вонпарнични** | | | | |
| **Подвид предмет** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмети** | **Вкупно во работа предмети** | **Решени предмети** | **Остаток** |
| Оставина-О | **390** | **274** | **664** | **355** | **309** |
| Оставина по приговор –О1 | **0** | **4** | **4** | **4** | **0** |
| Физичка делба - ВПП1 | 4 | 3 | 7 | 3 | 4 |
| Разни вонпарнични предмети - РВП | **0** | **568** | **568** | **568** | **0** |
| Вон парнични предмети - ВПП | **3** | **40** | **43** | **36** | **7** |
| Заверки - ЗАВ | **0** | **5289** | **5289** | **5289** | **0** |
| **Вкупно вид предмети** | **397** | **6178** | **6575** | **6255** | **320** |
| **Вид предмети** | **Извршни** | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмети** | **Вкупно во работа предмети** | **Решени предмети** | **Остаток** |
| Приговор против неправилности во извршувањето - ППНИ | 0 | 17 | 17 | 17 | 0 |
| Издавање на дозвола за извршни дејствија - ИД | 0 | 2 | 2 | 2 | 0 |
| **Вкупно вид предмет** | **0** | **19** | **19** | **19** | **0** |
| **Вид предмет** | **Парнични** | | | | |
| **Подвид предмет** | **Нерешени предмети** | **Примени предмети** | **Вкупно во работа** | **Решени предмети** | **Остаток** |

| | **на почеток** | | **предмети** | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Парнични мала вредност - МАЛВ П | 7 | 13 | 20 | 13 | 7 |
| Платни налози по приговор - ПЛП | 0 | 9 | 9 | 8 | 1 |
| Повторување постапка парнични – ПОВ П | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| Семејни спорови - П2 | 13 | 28 | 41 | 33 | 8 |
| Работни спорови - РО | 5 | 21 | 26 | 10 | 16 |
| Имотни спорови - П1 | 28 | 28 | 56 | 27 | 29 |
| Облигациони спорови - П4 | 7 | 14 | 21 | 16 | 5 |
| **Вкупно вид предмети** | **60** | **114** | **174** | **108** | **66** |
| **ВКУПНО ПРЕДМЕТИ ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | **457** | **6311** | **6768** | **6382** | **386** |
| **ВВКУПНО ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА СУД** | **491** | **10494** | **10985** | **10575** | **410** |

### 1.1.6.Предмети судска управа

Во 2022 година вкупниот број на предмети судска управа изнесува 355 предмети.

Во текот на извештајната година сите предмети судска управа се завршени.

**Табела 3. Податоци за предметите судска управа.**

| **Вид на предмети судска управа** | **Нерешени предмети на почеток** | **Новопримени предмети** | **Погрешно заведени** | **Вкупно предмети во работа** | **Решени предмети** | **Останати нерешени предмети** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Су-Су.01-** | 1 | 314 | 0 | 315 | 315 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **07** | | | | | | |
| **Су-ДОВ и Су.СТР. Д** | 0 | 6 | 0 | 6 | 6 | 0 |
| **СУ -ИЗЗ** | 0 | 22 | 0 | 22 | 22 | 0 |
| **УПП** | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| **СПИ** | 0 | 11 | 0 | 11 | 11 | 0 |
| **ВКУПНО** | **1** | **354** | **0** | **355** | **355** | **0** |

### 1.1.7.Квалитет на работење на ниво на суд

Во 2022 година на ниво на суд, од решените предмети во кои е дозволена жалба, вкупно се обжалени 72 предмети, од кои 56 предмети се од редовни и 16 предмети од повторно во работа.

Од обжалените а вратени предмети од второстепен суд, вкупно се **57** предмети, од кои **38** предмети со одлука потврдена, **3** предмети со одлука преиначена, **15** предмети со одлука укината и **1** предмет со одлука отврлена.

**Табела.4. Кавалитет на предметите на ниво на суд**

| **решени предмети** | **потврдени** | | **укинати** | | **преиначени** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **број** | **број** | **%** | **број** | **%** | **број** | **%** |
| **1010** | **38** | **3,66** | **15** | **1,48** | **3** | **0,29** |

### 1.1.8. Стари предмети на ниво на суд

Во извештајната година на ниво на суд, по сите основи вкупно во работа имало **250** предмети од кои **175** стари предмети пренесени од претходната година и **75** стари предмети регистрирани во текот на годината. Решени се **90** стари предмети, а останале нерешени **160** стари предмети, од кои 6 предмети повикување на лица на издржување казна затвор-КУКУП, 9 предмети имотни-П1, 1 предмет облигациони спорови-П4, 1 предмет парнични мала вредност-МАЛВП, 3 предмети ВПП и 140 предмети оставина-О (во работа на поверник нотар).

**Табела 5.Стари нерешени предмети на крајот на 2022 години, по уписник и години.**

| **Уписник** | **Година** | | | | | | | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2011** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | |
| Повикување на лица за издржување на казна | **2** | | | **0** | **0** | **0** | **1** | **0** | **1** | **2** | **6** |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| затвор-КУИКП | | | | | | | | | | | |
| Имотни-П1 | **0** | | | **0** | **0** | **0** | **2** | **4** | **2** | **1** | **9** |
| Облигации-П4 | **0** | | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1** | **1** |
| Парнични мала вредност-МАЛВП | | | | | | | | | | **1** | **1** |
| Вонпарнични предмети-ВПП | | | | | | | | | | **3** | **3** |
| Оставина | **0** | **1** | **4** | **5** | **9** | **10** | **23** | **21** | **37** | **30** | **140** |
| **Вкупно** | **2** | **1** | **4** | **5** | **9** | **10** | **26** | **25** | **40** | **38** | **160** |

### 1.2. Податоци за работа со предмети на ниво на оддел

### А) Податоци за работа со предмети на ниво Кривичен оддел

Нерешени предмети на почетокот на 2022 година во Кривичниот оддел во 2022 година по сите основи имало **34** предмети. Во текот на 2022 примени се **4183** предмети (**4165** редовни и **18** повторно заведени предмети). Во текот на годината погрешно се заведени **5** предмети (разни кривични предмети). Решени се **4193** предмети. На крајот на годината останале нерешени **24** предмети (**22** редовни и **2** поворно заведени предмети).

**Табела 6. Податоци за предметно работење по сите основи на ниво на Кривичен оддел.**

| **Нерешени предмети на почетокот на годината** | **Новопримени предмети** | **Предмети повторно во работа** | **Погрешно заведени предмети** | **Вкупно предмети во работа** | **Ршени предмети** | **Остаток на предмети** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **34** | **4165** | **18** | **5** | **4212** | **4188** | **24** |

**Табела 7. Движењето на предметите во 2022 година на ниво Кривичен оддел по видови и уписник**

| **КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на предмет** | **Извршување (санкции) кривично** | | | | |
| **Подвид предмети** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмети** | **Вкупно во работа предмети** | **Решени предмети** | **Остаток** |
| Повикување на лица на издржување казна затвор - КУИКП | 20 | 36 | 56 | 39 | 17 |
| Извршување на кривични парични казни, трошоци и паушал - ИКП | 0 | 26 | 26 | 26 | 0 |
| Извршување на прекршочни глоби,трошоци и паушал - ИПРК | 0 | 105 | 105 | 105 | 0 |
| Извршување на кривични и прекршочни санкции и алтернативни мерки - ИСАМ | 0 | 3 | 3 | 3 | 0 |
| **Вкупно вид предмети** | **20** | **170** | **190** | **173** | **17** |
| **Вид на предмет** | **Кривични полнолетни** | | | | |
| **Подвид предмет** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмет и** | **Вкупно во работа предмети** | **Решени предмети** | **Остаток** |
| Предмети за кривично полнолетни - К | 7 | 92 | 99 | 92 | 7 |
| Разни кривични | 0 | 3306 | 3306 | 3306 | 0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| предмети - РКП | | | | | |
| Кривични предмети претходна постапка полнолетни – К - ПП | 0 | 33 | 33 | 33 | 0 |
| Кривичен совет - вон расправа - КС | 7 | 83 | 90 | 90 | 0 |
| Замолници кривична област - ЗАМ К | 0 | 10 | 10 | 10 | 0 |
| **Вкупно вид предмети** | **14** | **3524** | **3538** | **3531** | **7** |
| **Вид предмети** | **Прекршочни** | | | | |
| **Вкупно вид прдемети-прекршочни-ПРК (ПРК-Ј,ПРК-С,ПРК-О)** | **0** | **484** | **484** | **484** | **0** |
| **ВКУПНО КРИВИЧЕН ОДЕЛ** | **34** | **4183** | **4217** | **4193** | **24** |

**-Квалитет на предметите во Кривичен оддел**

Во 2022 година во Кривичниот оддел обжалени се вкупно 18 предмети од кои 13 редовни и 5 повторно во работа предмети.

Од обжалени предмети вратени од второстепен суд вкупно се 21 предмети од кои 15 предмети со одлука потврдена, 3 предмети со одлука укината, 4 предмети со одлука преиначена и 2 предмети со одлука отфрлена.

**Табела 8. Квалитет на предметите во Кривичен оддел**

| решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 1007 | 16 | 1,58 | 3 | 0,29 | 1 | 0,29 |

**Б) Податоци за работа со предмети на ниво Граѓански оддел**

Нерешени предмети на почетокот на 2022 година во Граѓански оддел во 2022 година по сите основи имало **457** предмети. Во текот на 2022 година примени се **6311**

предмети (6269 редовни и 42 повторно заведени предмети). Вкупно во работата по сите основи се **6768** предмети. Решени се **4193** предмети. На крајот на годината останале нерешени **386** предмети.

**Табела 9. Предметно работење на ниво Граѓански оддел**

| Нерешени предмети на почетокот на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени предмети | Вкупно предмети во работа | Ршени предмети | Остаток на предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **457** | **6269** | **42** | **0** | **6768** | **6382** | **386** |

**Табела 10. Движењето на предметите во 2022 година на ниво Граѓански оддел по видови и уписник**

| **ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вид предмети** | **Вонпарнични** | | | | |
| **Подвид предмет** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмети** | **Вкупно во работа предмети** | **Решени предмети** | **Остаток** |
| Оставина - О | 390 | 274 | 664 | 355 | 309 |
| Оставина по приговор – О1 | 0 | 4 | 4 | 4 | 0 |
| Физичка делба - ВПП1 | 4 | 3 | 7 | 3 | 4 |
| Разни вонпарнични предмети - РВП | 0 | 568 | 568 | 568 | 0 |
| Вон парнични предмети - ВПП | 3 | 40 | 43 | 36 | 7 |
| Заверки - ЗАВ | 0 | 5289 | 5289 | 5289 | 0 |
| **Вкупно вид предмети** | **397** | **6178** | **6575** | **6255** | **320** |
| **Вид предмети** | **Извршни** | | | | |

| Подвид на предмет | Нерешени предмети на почеток | Примени предмети | Вкупно во работа предмети | Решени предмети | Остаток |
|---|---|---|---|---|---|
| Приговор против неправилности во извршувањето - ППНИ | 0 | 17 | 17 | 17 | 0 |
| Издавање на дозвола за извршни дејствија - ИД | 0 | 2 | 2 | 2 | 0 |
| **Вкупно вид предмет** | **0** | **19** | **19** | **19** | **0** |
| **Вид предмет** | **Парнични** | | | | |
| **Подвид предмет** | **Нерешени предмети на почеток** | **Примени предмети** | **Вкупно во работа предмети** | **Решени предмети** | **Остаток** |
| Парнични мала вредност - МАЛВ П | 7 | 13 | 20 | 13 | 7 |
| Платни налози по приговор - ПЛП | 0 | 9 | 9 | 8 | 1 |
| Повторување постапка парнични – ПОВ П | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| Семејни спорови - П2 | 13 | 28 | 41 | 33 | 8 |
| Работни спорови -РО | 5 | 21 | 26 | 10 | 16 |
| Имотни спорови - П1 | 28 | 28 | 56 | 27 | 29 |
| Облигациони спорови - П4 | 7 | 14 | 21 | 16 | 5 |
| **Вкупно вид предмети** | **60** | **114** | **174** | **108** | **66** |
| **ВКУПНО ПРЕДМЕТИ ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | **457** | **6311** | **6768** | **6382** | **386** |

**-Квалитет на предметите во Граѓански оддел**

Во 2022 година во Граѓанскиот оддел, обжалени се вкупно 49 предмети од кои 44 редовни и 5 повторно заведени предмети.

Во текот на 2022 од обжалени предмети вратени од второстепен суд вкупно се 36 предмети од кои 22 предмети со одлука потврдена, 12 предмети со одлука укината и 2 предмети со одлука преиначена.

**Табела 11. Квалитет на предметите на Граѓански оддел**

| решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 254 | 22 | 8,63 | 12 | 4,72 | 2 | 0,78 |

**1.3.Предметно работење на Претседателот на судот и судиите**

**1.3.1.Предметно работење на Претеседател на судот, Судијата Мерсим Марку.**

Претседателот на судот, Судијата Мерсим Марку, покрај работите од менаџирање на судот и предмети во надлежност на претседател на суд, согласно Распоредот за работа на судиите и вработените во судот за 2022 година, како судија постапувал по предмети во кривичниот и граѓанскиот оддел**.**

Според АКМИС ситемот, Претседателот на судот, судијата Мерсим Марку во 2022 година по сите основи вкупно во работа имал **9753** предмети од кои 5288 предмети ЗАВ, 325 предмети СУ, 6 предмети СУ ДОВ, 15 предмети КПП, 3304 предмети РКП, 90 предмети КС, 2 предмети ПРК, 8 предмети МАЛВП, 9 предмети РО, 4 предмети ПЛП, 11 предмети ППНИ, 27 предмети ВПП, 26 предмети имотни – П1, 41 предмети семејни - П2, 586 предмети РВП, 4 предмети физичка делба -ВПП1, 1 предмет О1, 1 предмети УПП, 11 предмети СПИ, 9 предмети П4 и 2 предмет издавање на дозвола на извршител-ИД. Решил **9720** предмети (9711 редовни и 9 повторно во работа предмети). На крајот на годината останале нерешени **33** предмети (29 редовни и 4 повторно во работа предмети), од кои, 2 предмети МАЛВП, 2 предмети ВПП, 10 предмети имотни – П1, 8 предмети семејни- П1, 2 предмети П4 и 2 предмети физичка делба. Спред податоците на примени и решени предмети приливот на предмети е совладан и намален е заостатокот за 12 предмети.

Во извештајната година од решените предмети на судијата во кои е дозволена жалба, обжалени се вкупно **31** предмети (27 редовни и 4 повторно во работа предмети).

Од обжалените вратени предмети од второстепен суд, вкупно се **15** предмети од кои **10** предмети со одлука потврдена, **4** предмети со одлука укинати и **1** предмет со одлука преиначена.

Во однос на решените предмети во кои е дозволена жалба, квалителот на работењето на судијата е прикажано во следната табела:

**Табела12.Квалитет на предметно работење на Претседателот на судот, Судијата Мерсим Марку.**

| решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 200 | 10 | 5.00 | 4 | 2.00 | 1 | 0.5 |

Во 2022 година Судијата Мерсим Марку вкупно во работа имал 7 стари предмети, од кои 2 пренесени од претходната година. Во текот на 2022 година решил 4 стари предмети, а на крајот на годината останеле нерешени 3 стари предмети од кои 1 предмет П1 и 2-два предмети ВПП.

**1.3.2.Предметно работење на Судијата Дамјан Илоски**

Согалсно Распоредот за работа на судиите и вработените во судот за 2022 година, Судијата Дамјан Илоски постапувал по предмети во Граѓанскиот оддел, а во случај на спреченост на судиите во Кривичниот оддел, постапувал и по предмети од кривична област**.**

Според АКМИС системот во 2022 година судијата Дамајан Илоски по сите основи вкупно во работа имал **103** предмет од кои **30** предмети пренесени од претходната година и **73** предмети примени во текот на годината. Во текот на 2022 година решил **58** предмети (48 редовни и 10 повторно во работа) и тоа 1 предмет ЗАВ, 3 предмети КПП, 7 предмети МАЛВ П, 8 предмети РО, 4 предметил ПЛП, 11 предмети ВПП, 11 предмети П1, 3 предмети О1, 1 прдемет физичка делба ВПП 1 и 9 предмети П4. На крајот на годината останале нерешени **45** предмети( 34 редовни и 11 повторно во работа предмети) од кои 5 предмети МАЛВП, 9 предмети РО, 1 предмет ПЛП1, 5 предмети ВПП, 19 предмети имотни - П1, 2 предмети физчка делба - ВПП1, 3 предмети одблигаци - П4 и 1 предмет кривично полнолетни - К.

Според бројот на примени и решени предмети судијата не го совладал приливот.

Во извештајната година од решените предмети на судијата во кои е дозволена жалба, обжалени се вкупно **24** предмети (17 редовни и 7 повторно во работа предмети).

Од обжалените вратени предмети од второстепен суд, вкупно се **21** предмети од кои **12** предмети со одлука потврдена, **1** предмет со одлука преиначена и **8** предмети со одлука укината.

Во однос на решените предмети во кои е дозволена жалба, квалителот на работењето на судијата е прикажано во следната табела:

**Табела 13. Квалитет на предметно работење на Судијата Дамјан Илоски**

| решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 54 | 12 | 22.22 | 8 | 14.81 | 1 | 1.85 |

Според АКМИС ситемот во текот на 2022 година по предмети на судијата поднесени се 4 вонредни правни лекови. Од вратени 2 предмети по вонредни правни лекови , 1 предмет е со одлука потврдена и 1 предмет со одлука укината.

Во 2022 година судијата Дамјан Илоски вкупно во работата имал 19 стари предмети, решил 8 стари предмети, а останеле нерешени 11 стари предмети од кои 1 предмет МАЛВП, 1 предмет ВПП, 8 предмети П1 и 1 предмет П4.

### 1.3.3. Предметно работење на Судијата Оруч Абазовски

Согалсно Распоредот за работа на судиите и вработените на судот за 2022 година Судијата Оруч Аабазовски, постапувал по предмети во Кривичниот оддел, а во спреченост на судиите од Граѓанскиот оддел, постапувал и по граѓански предмети**.**

На почеткот на 2022 година, по сите основи судијата Оруч Абазовски има 27 предмети (24 редовни и 3 повторно заведени предмети. Во текот на 2022 година примил **786** предмети (771 редовни и 15 повторно заведени прдемети). Вкупно во работа имал **813** предмети ( 795 редовни и 18 предмети повторно во работа), од кои 12 предмети Су, 15 предмети КПП, 98 предмети кривично полнолетни - К, 1 предмет КС, 56 предмети повикување на лица на издржуавње на казна затвор - КУИКП, 105 предмети извршување на прекршочни глоби, паушал и трошоци – ИПК, 10 Замолници Кривично - ЗАМ К, 482 прекршочни предмети (ПРК - С, ПРК - Ј и ПРК - О), 26 предмети извршување на парични казни кривично - ИКП и 3 предмети извршување на санкции и алтернативни мерки – ИСАМ. Во текот на годината судијата решил **790** предмети (773 редовни 17 предмети повторно во работа).

На крајот на извештајната година кај судијата останале нерешени **23** предмети ( 22 редовни и 1 повторно во работа предмети) од кои 6 предмети кривично полнолетни - К и 17 предмети повикување на лица на издржуавње на казна затвор -КУИКП.

Според бројот на примени и решени предмети судијата го совладал приливот на предмети.

Во извештајната година од решените предмети на судијата во кои е дозволена жалба, обжалени се вкупно **17** предмети (12 редовни и 5 повторно во работа предмети).

Од обжалените вратени предмети од второстепен суд, вкупно се **21** предмети од кои **16** предмети со одлука потврдена, **1** предмет со одлука преиначена, **3** предмети со одлука укинати и **1** предмет со одлука отфрлена.

Во однос на решените предмети во кои е дозволена жалба, квалитетот на работењето на судијата е прикажан во следната табела:

**Табела 14**. **Квалитет на предметно работење на Судијата Оруч Абазовски**

| решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 753 | 16 | 2.12 | 3 | 0.39 | 1 | 0.13 |

Во текот на 2022 година по предмети на судијата има 1- еден вонреден правен лек.

Во 2022 година судијата Оруч Абазовски вкупно во работа имал 11 стари предмети, решил 5 стари предмети, а останеле нерешени 6 стари предмети КУИКП од кои 4 предмети кај истиот судија и 2 предмети пренесени од друг судија.

## 2.ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

### А)Судска функција

Согласно Одлуката на Судски Совет на РМ од 26.11.2015 година, за утврдување на бројот на судиски места по судови, судската функција во Основен суд Дебар утврдено е да ја вршат 5 – пет судии влкучувајќи го и Претседателот на судот.

Од судиските места полнети се четири места од кои едно е во мирување поради избор на судијата Илир Исени за Заменик директор во Академија за судии и јавни обвинители Скопје.

Во 2022 година судската функција во Судот ја извршуваа три судии влкучувајќи го и Претседателот на судот.

### Б) Судска служба

Со Правилникот за внатрешна организација и ситематизација на работни места во Основен суд Дебар, работите од судската служба е предвидено да ги извршуваат 52 извршители од кои 1 извршител од раководни судски службеници, 19 извршители од стручни судски службеници, 23 извршители од помошно стручни судски службеници, 2 извршители помошно технички работи и 8 извршители од припадници на судска полиција.

Во 2022 година работните задачи од судската служба ги извршувале 23 извршители од кои 3 извршители со договор за вработување на определено време. Од стручните судски службеници се 5 извршители, од помошно стручните судски службеници

се 13 извршители, од припадници на судска полиција се 4 извршители и 1 извршител од помошно технички работи

Во текот на 2022 година со договор за вработување на определено време се вработетни 3 извршители од кои 2 - два извршители од групата на судски службеници (Виш сдуски референ архивар и судски референт прием и експедиција на пошта) и 1 – еден извршител помошно технички работи-хигеничар.

Исто така, во 2022 година спроведена е постапка за унапредување на судски службеници и унапредени се шест судски слижбени и тоа: 2 - два во советници (судски советник и советник информатичар, 1 – еден во виш судски соработник, 1- еден во Самостоен судски референт, 1– еден во Виш судски рефернт и 1- еден во судски референт.

Потребно е во 2023 година да се пополнат упразнетите работни места и тоа 1 извршител Виш судски референт архивар, 1 извршител Судски референт прием и ескпедиција на пошта и 1 извршител хигеничар.

Од стручните судски службеници потребно е вработување на 2 извршители и тоа еден стручен судски соработник и еден соработник толкувач, со што би се подобрила работата на судот од стручниот кадар.

Судиите и судските службеници во текот на извештајната година согласно Програмата за обуки на Академијата за судии и обвнители Скопје, учествува на обуки од кои повеќе преку Онлајн обуки.

## 3.СУДСКА ПРАКСА

Во 2022 година, по предлог на судијата одпределен за судска пракса, на седница на судии беа разгледувани обжалените вратените предмети од Апелационен суд Гостивар и се завземаа ставови за остранување на причините за укинатите одлуки, со цел подобрување на квалитетот на работење.

Во текот на извештајната година се користеле закчучоци за одредени прашања донесени од повисоките судови.

Судиите во своето работење ја користат и судската пракса на Судот за човекови права во Стразбург.

## 4.ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Согласно Законот слободен пристап до информации од јавен карактер ( Сл.весник на РМ. бр.13/06,86/08,6/10, 148/15, 55/16 и 64/18), во 2022 година до овој суд доставени се 11 – единасет барање, на кои во предвидениот законски рок позитивно е одговорено.

Основниот суд Дебар, по повод 25 –Октомври Европски ден на правдата секоја година организира посета на судот од страна на ученици од четврта година од СОУ “29 Ноември “ Дебар.

Согалсно член 9 од Закон за управување со движење на предметите во судовите (Сл.весник на РСМ бр., во текот на 2022 година на Веб – страницата на судот објавени се 82 правосилни одлуки.

Во текот на 2022 година, Претсдеателот на судот имаше средба од перставници на медиумите и тоа од ТВ Канал 3 (локална телевизија за подрачјето на општините Дебар, Центар Жупа и Маврово –Ростуше) и Весникот КОХА, при истите беа запознати со работа на судот, посебно за предметите во врска со семејните односи.

Од страна на овластениот судски службеник - Советник информатичар, Веб – страната на судот редовно се ажурира со податоци од работењето на судот, како и со сите потребни информаци за странките.

Во текот на извештајната година до Судот не се доставени барања во однос на објавените одлуки на веб страната на судот.

## 5.ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

Во Основен суд Дебар, информатичката опрема е во добра состојба, но сепак има потреба од обновување  бидејќи дел од компјутерите се набавени во 2012 година.

Судот располага со серверска конзола тип Fujitsu на која се инсталирани 5 виртуелни машини, 28 работни станици - персонални компјутери, мрежен принтер со фотокопир и скенер, локален скенер,15 локални ласерски печатари.

Во текот на 2022 година извршено е обновување на информатичката технологија и тоа со сервер тип РАЦК,  четири работни единици –комјутери марка АНХОЧ, три принтери марка Ксерокс Фејзер 3020 и еден скенер Xerox. Потренно е обновување на уште пет работни единци комјутери.

За тонско снимање Судот поседува од опремата на СРС ФЕМИДА програма, која е во функција и се користи во судницата за одржување на рочишта по граѓански предмети.

Во извештајната година Основен суд Дебар ги применуваше сите потребни програмски апликаци без проблеми и тоа: АКМИС системот, веб страната на судот системот за електронска достава, системот за електронско прием на акти и  тонско снимање на рочиште.

Во судот во целост се користи електронската достава преку која до странките се доставуваат скенираните иницијални акти и актите изготвени од страна на судот.

Во текот на извештајната година во 382 предмети е извршена електронска достава на писмена.

Судиите и судските службеници имаат пристап на интернет услугата.

Писмената комуникација преку канцеларијата на Претседателот на судот и судските службеници се врши по електронски пат преку службени емаил адреси.

## 6.ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА НА СУДОТ

Зградата на судот е лоцирана на ул.Велко Влаховиќ бб , Дебар , истата е од типот ПП + кат. Дел од работните простории на судот се на вториот кат од деловниот објект „Мимоза“, кој дел е поврзан со зградата на судот со меѓукатни скали. Во овој дел се сместени: 2-две судници, кабинетот на претседателот на судот, 4 кабинети за судии и 2 канцеларии за судски службеници, сите се во добра состојба.

Работните простотри се опремени со основните средства и инвентар, објектот има свој систем за греење –парно на течно гориво-ЕЛ 1, во секоја работна просторија има клима уред. Во судската зграда сместено е Основното јавно обвителство Дебар, кое користи четири работни простори на приземје, санитарен чвор , како и еден на подрумска просторија. ОЈО Дебар учествува во трошоците за греење со набавка на нафта за греење во количина од 900 литри.

Во зградата на судот - стар дел, на приземје се наоѓа просторијата наменета за шалтерско работење, просторија за архива на судот. На кат се наоѓаат пет канцеларии за судската администрација, просторија во која е сместен софтверот и просторија наменета за адвокати. Овие простори не се во добра состојба, истите се со оштетени подна подлога и столарија (врати и прозори).

Во извештајната 2022 година на судскта зграда извшена реконструкција на кровот, со претходна спроведена јавна набавка. На извршените градежни работи на реконструкција на кровот не извршен прием бидејќи надзорот има констатирано одстапување во изведените работи од тендерската документација и договорот за јавна набавка. Од тие причини во целост нереализиран договорот, односно не се платени паричните средства за таа намена, за што е известен и Судски буџетски совет на РСМ.

Безбедноста на вработените, странките и опремата на судот се врши со 4 извршители судски полицајци и видео надзор.

## 7.ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ЈАВНИ НАБАВКИ

Со Годишниот план за јавни набавки на судот за 2022 година, планирани се следните јавни набавки: набавка на канцелариски материјали и материјали за хигиена, набавка на печатени материјали, набавка на тонери, набавка на масло за греење ЕЛ -1,

набака на услуга осигурувањена имот на судот и набавка реконструкција на деловни згради (реновирање на кров).

Во текот на извештајната година, од планираните јавни набавки преку системот за јавни набавки во постапка од мала вредност завршените се следните јавни набавки: набавка на канцелариски материјали и материјали за хигиена, набавка на печатени материјали, набавка на тонери, набавка на масло за греење ЕЛ-1 и набавка на услуга осигурување на имот на судот.

Постапката по јавната набавка за реконструкција на деловни згради –реновирање на кровот на судската зграда, преку системот за јавни набаки е завршена и доделен е договорот за јавна набавка. Од страна на економскиот оператор се изведени градежните работи на кровот, но приемот на изведените работи не е извршен од причини што надзорниот орган има констатирани отстапување во дел од вградениот материјал од договорот за јавна набавка и тендерската документација. Од страна на судот како Према економсиот оператор поднесен е приговор и со барање за отсранување на констатираните недостатоци од страна на надзорот. За преземените дејствија известен е Судски буџетски совет на РСМ.

Покрај сопствените јавни набавки, судот во 2022 година преку групна јавна набавка има реализирано набавки за интернет и телефонска услуга и хартија за печатар.

## 8.ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА СУДОТ

Во врска со финансиското работење на Основниот суд Дебар во текот на 2022 година, од Буџетот на РСМ се одобрени средства во износ од 19.822.522,00 денари. Од овие средства од конта 401 и 402-за основни плати и придонеси за социјално осигурување за вработените во судот, потрошени се средства во износ од 15.228.484,00 денари, за конто 404-надоместоци потрошени се 231.900,00 денари, и за конто 421-комунални услуги се потрошени средства во износ од 1.650.000,00 денари.

На конто 423-материјали и ситен инвентар се потрошени средства во износ од 250.000 ,00 денари, од кои најголем дел се потрошени на канцелариски материјал и тоа износ од 59.765,00 денари.

На конто 424-поправки и тековно одржување се потрошени средства во вкупен износ од 50.000,00 денари.

На конто 425-Договорени услуги имаме потрошено 500.00,00 денари.

Овие средства го опфаќаат најголемиот дел од трошоците на судот, и тоа: судска порота, адвокатски трошоци, судски вештачења, договори на дела, примарна здравствена заштита и судски преведувачи.

Од наведената сума на име:

-за осигурување на недвижности платено е 9.839,00 денари.

-адвокатски трошоци платено се 191.860,00 денари.

-за судски вештачења платено е 6000,00 денари.

-за судски преведувачи потрошено е 39.668,00 денари.

-за порота и договори на дело исплатено е 54.480,00 денари и за

На конто 426-други тековни расходи потрошени се средства во износ од 30.000,00 денари.

Од кои за објавување на огласи 22.048,00 денари и за други оперативни расходи 6300,00 денари.

-На конто 464- разни трансвери се потрошени *329.866,*00 денари

- На конто 480 - купување на опрема и машини потрошено е 1.551.972,00 денари.

Основен суд Дебар освен со буџетска сметка располага и со сопствена сметка 631, на која на 31.12.2022 година има останато крајно салдо во износ од 111.357,00 денари,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ,**
**СУДИЈА,**
**MERSIM MARKU**

**Изготвил:**
Судски советник,
Мевмед Муратоски